РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 21 - 2986/1
02.06 2026 год
КРИВА ПАЛАНКА



Врз основа на член 2 од Правилникот за уредување на условите, начинот и постапката за користење на финасиски средства од Буџетот на општина Крива Паланка за субвенционирање на млади невработени лица жители на општина Крива Паланка за купување на дигитален уред („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр.1/23), Одлуката на Советот на Општина Крива Паланка за определување на максималниот број на субвенции и максимален износ на средства за доделување на поединечна субвенција за млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред за 2026 година, број 09-820/5 од 20.02.2026 година („Службен гласник на Општина Крива Паланка број 02/26 од 23.02.2026 година) а согласно Програмата за млади на Општина Крива Паланка за 2026 година, бр.09-6407/29 од 09.12.2026 година („Службен гласник на Општина Крива Паланка број 13/25 од 10.12.2025 година) објавува

## ЈАВЕН ПОВИК

**за надоместување на дел на трошоците на млади невработени лица жители на општина Крива Паланка за купен дигитален уред**

Општина Крива Паланка ќе изврши поврат на дел од средствата на вкупно **5 (пет)** млади невработени лица жители на општина Крива Паланка за купен дигитален уред во износ од **50%** од вредноста на дигиталниот уред, но не повеќе од **9.000** (девет илјади) денари во нето износ по лице. Јавниот повик ќе трае од **02 јуни 2026 година до 02 јули 2026 година**.

**Право на учество на Јавниот повик за субвенционирање на дел од средствата за купување на дигитален уред имаат млади невработени лица со адреса на живеење на подрачјето на општина Крива Паланка, кои ги исполнуваат следните услови:**

– да спаѓаат во категоријата на млади дефинирани во член 3 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.10/20);

– да се евидентирани како невработени лица во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија

– дигиталниот уред да е набавен на територијата на Република Северна Македонија во 2026 година;

Според член 1 од Правилникот одредени термини го имаат следното значење:

– **млади** се лица на возраст од 15 до 29 години;

– **дигитални уреди** се десктоп копмјутер, преносен компјутер односно лаптоп или таблет;



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

– **невработено лице** е евидентирано лице кое не е вработено, активно бара работа и ги исполнува условите спред Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Со одлука на Совет на Општина Крива Паланка, максималниот број на субвенции се определува на вкупно **5 (пет)** субвенции, а максималниот износ за поединечената субвенција за купен дигитален уред за 2026 година се утврдува во износ од **50%** од вредноста на дигиталниот уред, но не повеќе од **9.000** (девет илјади) денари во нето износ.
Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање надоместок за еден дигитален уред.

**Начин на пријавување на Јавниот повик – документација што треба да се достави како доказ за исполнување на горенаведените услови:**

1. **Барање** за финансиски средства за субвенција за купување на еден дигитален уред (*барањето може да се подигне во Архивата на општина Крива Паланка или да се обезбеди од интернет страницата на општина Крива Паланка:* www.krivapalanka.gov.mk);
2. Фотокопија на **важечка лична карта** или важечка патна исправа на барателот;
3. **Документ (потврда)** дека лицето е евиденирано како невработено лице во кој ќе биде наведен периодот за кој е евидентирано како невработено лице (*документот се издава од страна на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и истиот треба да биде издаден со датум за периодот додека трае Јавниот повик*);
4. **Оригинал фискална сметка или фактура со извод од деловна банка**, издадена во РСМ со датум не постар од 01 јануари 2026 година како доказ дека е извршено купување на дигитален уред;
5. Фотокопија од **активна трансакциска сметка** на барателот;
6. **Изјава** од барателот дека нема користено средства од буџетот на Општина Крива Паланка за дигитален уред во претходните две години.

Документацијата се поднесува во **Архивата на Општина Крива Паланка**, секој работен ден од 8:00 до 15:00 часот, во затворен плик со намена за „ **Јавен повик за надоместување на дел на трошоците на млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред** “ со назнака **НЕ ОТВОРАЈ**.



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

**Начин на реализација на Јавниот повик**

По објавувањето на **Јавниот повик за надоместување на дел од трошоците на млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред**, на веб-страницата на Општината во рок од 30 календарски дена заинтересираните млади со пополнување на **Барање**, вклучувајќи ја и целата потребна документација ја доставуваат во архивата на Општина Крива Паланка.

Во случај на повеќе поднесени барања во однос на определениот број на субвенции, предност ќе има барателот кој е евидентиран како невработен подолг временски период во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Комисијата ќе изготви предлог до Градоначалникот за донесување Решенија за исплата на финансиските средства на барателите за кои е утврдено дека ги исполниле условите наведени во Јавниот повик.

**Крива Паланка**
**02.06.2026 г.**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка